# 29. ДЕКА СЕ ЧУЛО, ЏАНАМ, ВИДЕЛО




Дека се чуло џанам, видело,
мома зандани, џанам, да лежи,
за братовите џанам, крвнини.

Мома зандани, џанам, да межи,
за братовите, џанам, крвнини,
за татковите, џанам, борчеви.

Каде си ќерко, мори, Богдано,
еве сум мајко, мори, зашто сум,
белото лице, мајко, потемнало.

Белото лице мајко потемнало
русата коса мајко окапа
рамната снага мајко загина.

Продавај мајко мори куќи дворови
да ме извадиш мајко од зандани. /2

Девет години мајко как лежам
оште девет десет мајко ќе лежам
верата не си мајко менувам.

Турците пари ќерко не сакајат
белото лице ќерко ти сакајат. /2

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995